Општина
Ново Село

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 03-3423/1
16.09.2026 год.
Нова Село

ЈАВЕН ОГЛАС за формирање на партиципативно тело



ОГЛАСНА ТАБЛА
Општина
Ново Село

Врз основа на член 46 став (3) од Закон за урбанистичко планирање (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2026), Градоначалникот на Општина Ново Село, на ден 14.09.2026 година објавува :

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
16.09 03-3423/1 26

ЈАВЕН ОГЛАС

за пријавување на членови на партиципативно тело на општина Ново Село

1.Предмет на јавниот повик е:
Доброволно пријавување на лица за членови на Партиципативното тело на општина Ново Село.

Партиципативното тело на општина Ново Село ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сигестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

2.Услови за пријавување:Пријава по овој јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладини организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија за граѓани и граѓански активности што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирање и одржливиот развој на општината.

3.Документи кои се поднесуваат:

- Пријава за член на партиципативно тело на општина Ново Село (образецот е во прилог на повикот),

- Кратка автобиографија,

- Изјава за давање согласност за заштита на личните податоци (образецот е во прилог на повикот),

- Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот),

- Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија).

4.Рок и место на поднесување на пријави:
Пријавите по јавниот оглас со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Ново Село ул. ,,Мануш Турновски'' бр. 13А во рок од 30 дена од денот на објавување на јавниот повик. На пријавата да се наведе: **,,Пријава по јавен оглас за членови на партиципативно тело за подрачјето на општина Ново Село''**.

5.Обврски на членовите на партиципативното тело: Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

6.Начин на работа: Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во Деловникот на партиципативното тело што го донесува Советот на единиците на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

7.Дополнителни информации на тел.075 356 585 (Одделение за урбанизам и просторно планирање).

Бр._____
Од_____година
Ново Село

Општина Ново Село
Градоначалник на Општина Ново Село
Божинов Горѓе